# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 6, година XLV**
**Четврток, 22.05.2014**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Васко Ковачевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија**

1. Го објавувам Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Васко Ковачевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 8 од Изборниот законик-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/2014) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за констатирање престанок на мандатот на Васко Ковачевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија**

1. Се констатира престанок на мандатот на Васко Ковачевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, сметано од 10.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-08/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Јулијана Силјановска член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија

1. Го објавувам Заклучокот за констатирање престанок на мандатот на Јилијана Силјановска член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 46 став 1 алинеа 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 8 од Изборниот законик-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 32/2014) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за констатирање престанок на мандатот на Јулијана Силјановска член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија

1. Се констатира престанок на мандатот на Јулијана Силјановска член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија, сметано од 10.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-08/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Го објавувам Решението за избор на претседател и членови на Верификационата комисија, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и член 9 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 год., донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за избор на претседател и членови на Верификационата комисија

1. Се избираат претседател и членови на Верификационата комисија на Советот на Општината Битола во состав:

За претседател Игор Хаџиевски
За членови:
- Благој Шаклевски,
- Леонида Чолаковски,
- Соња Трпезановска и
- Николче Јанкуловски

2. Верификационата комисија, врз основа на известувањето од Општинската изборна комисија, доставените уверенија од страна на членовите на Советот, како и по утврдувањето на нивниот идентитет, поднесува извештај до Советот со предлог за верификација на мандатите на членовите на Советот на Општината Битола.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-08/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за верификација на мандатот на членови на Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за верификација на мандатот на членови на Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-813/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за верификација на мандатот на членови на Советот на Општината Битола

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членовите на Советот на Општината Битола Александар Касапов и Благица Гилевска, избрани на локалните избори одржани на 24.03.2013 година од листата на кандидати на Сојузот за иднината.

**Член 2**

Мандатот на новоизбраните членови на Советот ќе трае до крајот на мандатот на членовите на Советот на Општината Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-08/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите подрачја во Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска

1. Ја објавувам Одлуката за доделување финансиска помош за настраданите подрачја во Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска,

донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување финансиска помош за настраданите подрачја во Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска**

**Член 1**

Со оваа Одлука се доделува финансиска помош за настраданите подрачја во Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска во износ од 1.000.000 денари од Буџетот на Општината Битола.

**Член 2**

Средствата ќе се трансферираат на сметката на Општинската организација на Црвен крст Битола.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-08/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2014 година**

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2014 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола ( „Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.05.2014 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2014 година**

1. СЕ ПРИФАЌА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-08/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за изработување и донесување на општи акти за села на подрачјето на Општината Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за изработување и донесување на општи акти за села на подрачјето на Општината Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/7
22.05.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и Прирачникот за водење на постапката за донесување и изготвување на општи акти од март 2014 год. од Министерство за транспорт и врски и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.1014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изработување и донесување на општи акти за села на подрачјето на Општината Битола за 2014 година

### ВОВЕД

Годишната програма за изработување и донесување на општи акти за села на подрачјето на Општина Битола за 2014 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработување и спроведување на постапка за донесување и изготвување на општи акти за села, согласно со член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и Прирачникот за водење на постапката за донесување и изготвување на општи акти од март 2014 изработен од Министерство за транспорт и врски.

Предмет на Годишната програма се сите населени места – села на подрачјето на Општина Битола.

### I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е да се утврди потреба од донесување на Општи акти, до донесување на УП за село, согласно член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13)

### II. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Изработка на општи акти за села на подрачјето на Општина Битола

Согласно Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македенија (Сл. весник на РМ Бр. 55/2004) на територијата на Општина Битола со седиште во градот Битола има вкупно 65 населени места-села:

с. Барешани,
с. Бистрица,
с. Братиндол,
с. Брусник,
с. Буково,
с. Буково,
с. Велушина,
с. Горно Оризари,
с. Габалавци,
с. Гопеш,
с. Горно Егри,
с. Граешница,
с. Дихово,
с. Доленци,
с. Долно Егри,
с. Долно Оризари,
с. Драгарино,
с. Драгожани,
с. Драгош,
с. Древеник,

с. Ѓавато,
с. Жабени,
с. Злокуќани,
с. Кажани,
с. Канино,
с. Карамани,
с. Кишава,
с. Кравари,
с. Крклино,
с. Кременица,
с. Крстоар,
с. Кукуречани,
с. Лавци,
с. Лажец,
с. Лера,
с. Лисолај,
с. Логоварди,
с. Лопатица,
с. Магарево,
с. Маловишта,
с. Метимир,
с. Меџитлија,
с. Нижеполе,
с. Ново Змирнево,
с. Облаково,
с. Олевени,
с. Оптичари,
с. Орехово,
с. Острец,
с. Породин,
с. Рамна,
с. Раштани,
с. Ротино,
с. Свиниште,
с. Секирани,
с. Снегово,
с. Средно Егри,
с. Српци,
с. Старо Змирнево,
с. Стрежево,
с. Трн,
с. Трново,
с. Цапари,
с. Црнобуки,
с. Црнеец

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ОПШТИТЕ АКТИ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на изработката на Општите акти од оваа Програма се врши од средства на:

- Буџетот на општината;
- средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината,

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

- Во текот на годината, зависно од потребите програмата може да се менува и дополнува.
- Реализацијата на програмата ќе биде со динамика согласно со потребите и приливот на средства, наведени во предходниот дел.
- Изработување на општи акти вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 18 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13)
- За реализација на оваа програма е задолжена Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина при Советот на Општината Битола и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.
- Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-08/9
20.05.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 10, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола

### Член 1

**СЕ ОТПОЧНУВА** постапка за пристапување кон изработка и донесување на **ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола**.

Границата на планскиот опфат се движи: на север по осовините на ул. „Кирил Пејчиновиќ“, „Илинденска“ и „Јорго Костовски“, на исток по осовина на ул. „Мирче Ацев“ на југ по осовини на улиците „7 ма Бригада“ и „Драгорска“ на запад по осовина на ул. „ Драгорска“, до пресек со ул. „Кирил Пејчиновиќ“ каде завршува опфатот.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 9,0 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на **ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола** ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-08/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 10, 17, 17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола

### Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола.

Границата на планскиот опфат се движи: на север по осовина на станбена улица, граница на градежна парцела на Хотел Битола и осовина на станбена улица 24-та, на исток по осовина на новопланирана сообраќајница по ГУП „Михајло Андоновски“ осовина на ул. „Мирка Гинова“ и улица 26 та, на југ по осовина на ул. „Партизанска“ и на запад по осовина на ул. Булевар „Васко Карангелевски“.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 9,0 ха.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-08/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 – Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 10 ,17,17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Сл. гласник на Општина Битола бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 - Општина Битола

**Член 1**

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 - Општина Битола.

Границата на планскиот опфат се движи: на север, запад и југ по осовина на улица „Стрежево“, на исток – по осовина на улица „Владимир Назор“.

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 8,50 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 - Општина Битола ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-08/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за именување членови во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола

1. Го објавувам Решението за именување членови во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
22.05.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 6 став 2 од Законот за отворени граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на РМ“ бр. 36/2011) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за именување членови во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола

1. Во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола се именуваат:
- Ирена Гроздановска, дипл. економист и
- Катерина Матевска, одделенска настава.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-08/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.05.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.05.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-813/12
22.05.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнувања на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.05.2014 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за разрешување и именување член во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола

1. Од Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола се разрешува Љубе Никлевски, а се именува:

- Игор Јошевски, дипл. учител

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-08/14
20.05.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 , 132, 135 став 4 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на ОУ „Елпида Караманди„ Битола**

1. **Се разрешува Виолета Ангеловска** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Елпида Караманди„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 14.02.2014 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со именуваниот ВД Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Елпида Караманди„ Битола бр.08-1294/3 од 08.10.2013 година Виолета Ангеловска е избрана за ВД Директор на училиштето.

Со оглед дека по објавениот Јавен оглас за избор на Директор во училиштето, донесено е Решение за избор на ВД Директор се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на разрешениот ВД Директор .

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение разрешениот ВД Директор има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр.08-1538/4-2013
14.02. 2014 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Г р а д о н а ч а л н и к
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Елпида Караманди„ Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Елпида Караманди„ Битола **се именува Емилија Николовска - ВСС Педагошки факултет Одделенска настава со положен испит за директор во основно училиште,** вработена во основното училиште.
Функцијата В.Д. Директор ја презема од 15.02.2014 година.

2 Се задолжува именуваниот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со досегашниот ВД Директор согласно закон.

3.ВД Директор ги врши работите до именување на Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште. Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во ОУ, Училишниот одбор достави предлог до Градоначалникот – бр.02-141/2 од 30.01.2014 и Записник бр. 02-141/1 од 30.01.2014, сето тоа со пропратен допис бр. 03-143/1 од 03.02.2014 г.заведено во општината Битола под бр. 08-1538/2 од 04.02.2014 г. со кој предлог за Директор на основното училиште е предложен и кандидатот Емилија Николовска - Педагошки факултет Одделенска настава со положен испит за директор во основно училиште, вработена во основното училиште.
Имајки го во предвид фактот што се распишани избори за Претседател на Република Македонија, а согласно добиеното Мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 07-335/2 од 04.02.2014 година, се врши именување на ВД Директор, додека изборот на директор ќе се изврши по завршувањето на изборите.

Согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на именуваниот В.Д. Директор .

Бр.08- 1538/5-2013
14.02.2014 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Г р а д о н а ч а л н и к
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 28.11.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 03.12.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-01/1 од 30.01.2014 година, и тоа во член 5 во Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи, Одделение за адмниситративни и општи работи кај работно место со реден број „8. Раководител на одделение за административни и општи работи „ во посебните услови зборовите „градежен факултет„ се заменуваат со зборовите „економски науки„.

**Член 2**

Во членот 5 во Сектор за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија, Одделение за економски развој кај работното место со реден број 77 Раководител на

одделение за економски развој во посебните услови зборовите „правни науки„ се бришат. После зборот „економски „ се додавааат зборовите „или градежен„

**Член 3**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

**1.Б. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 08 | Раководител на одделение за административни и општи работи | Раководител на одделение | 1 | Стекнати 300 кредити според ЕКТС или завршен или VII/1 ВСС Правни науки или економски науки. Работа со компјутер Раководни организациски способности Способност за тимска Работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 4 г во струката од кој 1 во државна служба |

**4 А. . ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 77 | Раководител на одделение за економски развој | Раководител на одделение | 1 | Стекнати 300 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Економски или градежен факултет, Работа со компјутер Раководни организациски способности Способност за тимска работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 4 г во струката од кој 1 во државна служба |

**Член 4**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

*Бр.01-04/1*
02.04.2014.
Битола

*ГРАДОНАЧАЛНИК*
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 28.11.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 03.12.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-01/1 од 30.01.2014 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општина Битола бр. 01-04/1 од 02.04.2014 г. и тоа во членот 5 Сектор -Општински инспекторат , Одделение за комунална инспекција и инспекција за животна средина зборовите: „90. Назив на работното место - Инспектор за

комунални работи„ се заменува со зборовите : „90. Назив на работното место - Комунален инспектор„

**Член 2**

Во член 5. Сектор - Општински инспекторат, Одделение за градежна – урбанистичка инспекција , патен сообраќај и патишта, после работното место „99. Овластен инспектор за патишта„ се додава ново работно место кое гласи:

**„99. а Назив на работното место**: **<u>организациска и административна поддршка</u>**

**Звање**: Помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Вршење наједноставни работи врз основа на конкретни упатства и насоки, со постојан надзор и контрола на раководителот на Одделението, а кои се однесуваат на организациска и административна поддршка од надлежност на одделението.

**Главни работни должности:**

- ги следи законските и подзаконски акти од надлежност на одделението,
- помага при вршење на информативно- документарни и организациско-технички работи во врска со работата на одделението
- помага во средување и чување на документацијата од надлежност на одделението
- помага во подготвителни работи и задачи кои се однесуваат на организацијата на работата на одделението
- помага во прибирање на податоци и информации потребни при изготвување на стручни анализи од надлежност на одделението,
- помага во подготвување и проучување материјали за состаноци од надлежност на одделението и помага во изготвување на мислења и белешки по истите
- помага во работата на комисиите за постапување по законот за постапување со бесправно изградени објекти
- прибира податоци , информации и материјали кои се потребни при изгитвување на планот за работа на одделението,
- врши други работи и задачи што ќе му ги довери раководителот на одделението.

**Посебни услови**:

- стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Технички факултет
- без работно искуство
- други професионални квалификации , способности и вештини , вклучувајќи и лични квалитети:работа со компјутери; способност за тимска работа;

**Број на извршители:** 1

**Член 3**

Во член 5, Сектор за внатрешна ревизија, Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност), работното место „108а Внатрешен ревизор на обука„ во делот „Главни работни должности„ точката од последната алинеа се заменува со запирка и се додава нова алинеа која гласи:

„ - помага во координирање на процесот на воведување и одржување на стандардите и инструментите за управување со квалитетот.„.

### Член 4

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

### 5.А. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА И ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 90 | Комунален инспектор | Советник | 4 | Стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или Завршен VII/1 ВСС Правни науки или Економски или Машински факултет работа со компјутер Способност за тимска работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 3 г во струката |

### 5.Б. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ГРАДЕЖНА-УРБАНИСТИЧКА ИНСПЕКЦИЈА, ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 99 а | Организациска и административна подршка | Помлад соработник | 1 | Стекнати 180 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 Технички факултет, работа со компјутер Способност за тимска работа | Без работно искуство |

### Член 5

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-05/1**
25.04.2014.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр.5/2002), член 24а, од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10,6/12, 119/13, 41/14), Градоначалникот на Општина Битола, а по поднесувањето на писмената оставка од Зоран Илиоски Директор на ЈКП „Водовод„ Битола заведено под бр. 08-752/1 од 07.05.2014 г донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на Директор на ЈКП „Водовод„ Битола**

1. **Зоран Илиоски** Директор на ЈКП „Водовод„ Битола **СЕ РАЗРЕШУВА** од функцијата Директор на ЈКП, по негово барање заклучно со 06.05.2014 година.

2. Се задолжува разрешениот Директор со новоизбраниот ВД Директор веднаш да извршат примопредавање на правата и должности, а во согласност со позитивните прописи.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Директорот на ЈКП „Водовод„ Зоран Илиоски поднесе писмена оставка до Градоначалникот на Општината Битола , за престанок на функцијата заклучно со 06.05.2014 г.

Согласно член 24 а, од Законот за јавни претпријатија Директорот на јавно претпријатие се разрешува пред истекот на мандатот меѓудругото и на негово барање.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот Директор, избраниот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

**Бр.08-752/2**
**07.05.2014 год.**
**Б и т о л а**

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
**д-р Владимир Талески**

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.5/2002), член 24а, од Законот за јавните претпријатија (,,Службен весник на РМ,, бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07,83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14), Градоначалникот на Општина Битола, а по донесувањето на решението за разрешување на Директорот на ЈКП ,,Воодовод,, Битола бр. 08-752/2 од 07.05.2014 г донесе

**РЕШЕНИЕ**

за именување вршител на должноста
директор на ЈКП ,,Водовод,, Битола

1.За вршител на должноста директор на ЈКП ,,Водовод,, Битола **се именува Горан Стефановски Дипломиран градежен инжeнер** од Битола, сметано од 07.05.2014.

2. ВД Директор се именува за време додека се изврши избор на Директор на ЈП, но не подолго од 6 месеци.

3. Се задолжува ВД Директор веднаш да изврши примопредавање на правата и должностите од разрешениот Директор согласно позитивните законски прописи.

4. Решението влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.

Образложение

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа и член 24 а, од Законот за јавните претпријатија , а заради обезбедување на континуитет и непреченост во работата на Јавното претпријатие по разрешувањето на досегашниот Директор именуван е од страна на Градоначалникот, ВД Директор во јавното претпријатие.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

Примерок од решението да се достави на разрешениот Директор, избраниот ВД Директор, архивата на Општината Битола и архивата на ЈП.

Бр. 08-752/3
07.05.2014
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

## С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за констатирање престанок на мандатот на Васко Ковачевски член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија ........ 273

З А К Л У Ч О К за констатирање престанок на мандатот на Јулијана Силјановска член на Советот на Општината Битола, заради неспоивост на функцијата член на Советот со пратеник во Собранието на Република Македонија ........ 274

Р Е Ш Е Н И Е за избор на претседател и членови на Верификационата комисија ........ 274

О Д Л У К А за верификација на мандатот на членови на Советот на Општината Битола ...... 275

О Д Л У К А за доделување финансиска помош за настраданите подрачја во Република Србија, Република Босна и Херцеговина и Република Хрватска ........ 276

З А К Л У Ч О К за прифаќање на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за првиот квартал во 2014 година ........ 276

П Р О Г Р А М А за изработување и донесување на општи акти за села на подрачјето на Општината Битола за 2014 година ........ 277

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДЕВЕАНИ“ Блок 3 - Битола ........ 279

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА 4 и 2 Реонски Центар ЗАПАД Блок 2 - Битола ........ 280

О Д Л У К А За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Горно Оризари 2 дел, Блок 2 - Општина Битола ........ 281

Р Е Ш Е Н И Е за именување членови во Управниот одбор на Работничкиот универзитет „Крсте Мисирков“ Битола ........ 281

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување член во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола ........ 282

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола ........ 283

Р Е Ш Е Н И Е за именување на ВД Директор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола ........ 284

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола ........ 285

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола ........ 287

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на Директор на ЈКП „Водовод“ Битола ........ 290

Р Е Ш Е Н И Е за именување вршител на должноста директор на ЈКП „Водовод“ Битола ........ 291

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211